Р е п у б л и к а С е в е р н а М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
Телефон 034/371-600 , факс 034/371-600
**www.opstinabosilovo.gov.mk opstinabosilovo1@gmail.com**

Општина Босилово

БР.10-131/3
13.01.2023

Градоначалникот на општина Босилово,решавајки по барањето на Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн **СТУДИО АТРИУМ** - ДОО Штип,попднесено под број 10-131/1 од 12.01.2023 година,за одобрување на проектна програма,врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020)го издава следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува Проектната програма со технички број ПП-У-05/22 од Септември 2022 година ,изработена од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип,за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА НОВОПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН 10/20Kv ВОД НА ДЕЛ ОД КП 3487, КО БОСИЛОВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА БОСИЛОВО.**

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот,Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн **СТУДИО АТРИУМ** - ДОО Штип,поднесе барање за одобрување на Проектна програма,со технички број ПП-У-05/22 од Септември 2022 година,изработена од Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн **СТУДИО АТРИУМ** - ДОО Штип,,за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА НОВОПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН 10/20Kv ВОД НА ДЕЛ ОД КП 3487, КО БОСИЛОВО ВОН ГРАД, ОПШТИНА БОСИЛОВО.**
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1.Барање
2..Проектна програма

Комисијата за урбанизам,формирана од градоначалникот на општина Босилово,со Решение бр.04-1646/1 од 15.07.2022 година,по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид,констатира дека барањето е основано и Проектната програма може

Р е п у б л и к а С е в е р н а  М а к е д о н и ј а
**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
Телефон 034/371-600 , факс 034/371-600
**www.opstinabosilovo.gov.mk**     **opstinabosilovo1@gmail.com**

да се одобри.Истото го потврди со Предлог одобрување со бр.10-131/2 од 13.01.2023година.

Градоначалникот на општина Босилово,по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам,констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020).
Врз основа на тоа а согласно членот 44 од Законот за урбанистичко планирање,донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба,во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа,надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ристо Манчев**